РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-7338/6
02-12-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен за спроведување на постапка за порамнување, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 78 - та седница одржана на 24.11.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 09-7338/1 од 27.07.2022 година за спроведување на постапка за порамнување, оформен против службеното лице ------------------------------поради утврдена состојба на судир на интереси, што претставува прекршок, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во определениот законски рок не е платена глобата изречена со прекршочниот платен налог, поради што ќе се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен прекршочен орган во ДКСК.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-7338/1 од 27.07.2022 година е оформен против лицето ------------------------------------ поради спроведување на постапка за порамнување, откако се констатира дека именуваниот не се изземал на 107-та седница на ------------------------, одржана на 17.09.2020 година, на точка на дневен ред која била поврзана со приватен интерес на негово блиско лице (син). При постоење на вакви околности, ------------------, иако бил должен веднаш да побара да биде изземено, тоа не го сторил.

Со горе опишаното дејствие, именуваниот постапил спротивно на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, што е предвидено како прекршок казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Државната комисија за спречување на корупцијата, преку овластено службено лице согласно со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019), спроведе постапка за порамнување при што беше издаден прекршочен платен налог број 09-7338/3 од 29.08.2022 година, уредно примен на ден 05.09.2022 година.

Во законски определениот рок од 8 (осум) дена од денот на приемот сторителот не постапи, со што се констатира дека не е остварена целта на понудената постапка за порамнување.

Од овие причини исполнети се законските услови да се постапи согласно член 47 став 8 од Законот за прекршоците и да се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочниот орган.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 24.11.2022 година одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: Д.Д - советник
Контролирал: К.З. – раководител
Одобрил: К.Н – член на ДКСК